РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1915/4
17-11-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ---------- ----------- ------------------- -------- на 41-та седница одржана на ден 11.11.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-2224 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-2224/1 од 02.04.2019 година доставена од подносителот ---------- ------------ -----------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот 12-2944 од 2019 година, во предметниот случај било постапено од страна на надлежни органи и не се потврдени предметните наводи.

Предметот со број 12-2224 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2224 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2224/1 од 02.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносител – ---------- --------- --- ----------------------------.

Во пријавата се изнесени наводи против вработени во Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи – ПО ---------- поради основи за сомневање за корупција и злоупотреба при постапување во предмет оформен по барање за приватизација на градежно земјиште поднесено од страна на ----- во м. ноември 2011 година, а во која постапка подносителот се јавувал како правен субјект со својство на засегната страна.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања до подносителот на пријавата и до подрачното одделение на Управата за имотно правни работи за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметните наводи.

По барањата на Државната комисија доставено е известување само од надлежната институција со прилог документација и по разгледувањето на целокупната документација за предметниот случај, од страна на ДКСК констатирано е следното:

- Во конкретниот случај, се работи за барање за приватизација на градежно земјиште кое било поднесено од страна на ------- -------- -------------------- на ден 25.01.2011 година за повеќе градежни парцели до Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи – ПО ---------- како првостепен орган за решавање на ова барање. Барањето се однесувало на приватизација на земјиште на кое немало никаква градба туку на дел од истото имало времени објекти, а за кое земјиште, според наводите на подносителот, немало поднесено ниедно барање за денационализација, а ---- немал правен основ да го приватизира истото бидејќи немал соодветна документација за докажување на правото на приватизација.

Во пријавата се наведува дека, првостепениот орган, постапил по доставеното барање на ---- и делумно го прифатил истото односно, во делот каде кон барањето за кој имало доставено правна документација и во тој дел била извршена приватизација на бараното земјиште, додека пак за делот за кој немало доставено правна документација кон барањето, овој орган не го одбил барањето туку го оставил со статус на нерешено барање цели 8 години па ова земјиште не се приватизирало туку останало во сопственост на РМ. По однос на ова прашање, според наводите во пријавата, немало реакција од страна на Државниот правобранител кој молчел а требало да го заштити имотот на државата, додека во меѓувреме ---- неосновано стопанисувала со предметниот имот и незаконски се стекнувала со добивка а можеби во предметниот случај имале корист и некои државни службеници вработени во Управата.

-Подносителот на пријавата ---------- ------------ ---------------------------, на ден 26.03.2019 година, до директорот на Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи и до министерот за финансии, доставил *допис во кој се изразува незадоволство* по однос на известувањето со број УПП.бр.-------/---------- од 14.03.2019 година, а кое известување било добиено по основ на претставка поднесена до Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи – ПО ---------, против вработени во Одделението за имотно правни работи во ------------.

-На ден 04.06.2020 година, по барање на ДКСК доставено е известување од страна на Управата за имотно правни работи ПО – -----------, со кое се известува дека по однос на предметното барање поднесено од страна на ----- во 2011 година, од страна на овој орган било постапено и со оглед на тоа дека барателот не доставил доказ за сопственост на ден 17.05.2016 година бил изготвен Заклучок за прекин на постапката до решавање претходно прашање - доставување доказ за сопственост. Во текот на постапката барателот доставил писмен документ Турска Тапија од 1884 година која биола преведена на македонски јазик но која овој орган не ја земал во предвид како доказ за сопственост, а на ден 28.12.2018 година од страна на барателот ---- било доставено писмено барање за прекинување на постапката бидејќи во тек била постапка за утврдување на идентификација на податоци од Тапијата од 1884 година.

На ден 20.03.2019 година наведениот орган донел Решение со кое го одбил барањето за приватизација поднесено од ----- -- ------- ----------------- со образложение дека барателот не ги исполнува условите за приватизација предвидени по одредбите од член 19 и член 20 од Законот за приватизација, а незадоволен од ваквото Решение барателот на ден 29.03.2019 година поднел жалба, поради што предметот со сите списи на 08.04.2019 година биле доставени во надлежност на Државна Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Оваа Комисија на ден 10.10.2019 година со Решение УП.бр.0801-149 ја уважила жалбата и предметното Решение се поништува и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување од страна на првостепениот орган. Во повторната постапка согласно напатсвијата на Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен органот поднел барања за прибавување на Уверенија за

историски преглед на извршените запишување во КН, Копија од катастарски план и Извод од ДУП за предметните парцели. На крајот од известувањето, Управата за имотно правни работи ПО - ---------, наведува дека наводите во пријавата се неосновани во целост, поради самиот факт што органот поради немање доволно докази, го одбил барањето како неосновано.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во конкретниот случај не се потврдени предметните наводи за извршена приватизација на дел од земјиштето по однос на предметното барање за приватизација, а во врска со истото било постапено од страна на надлежни органи односно, од страна на Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и предметот бил вратен на повторно постапување и одлучување од страна на првостепениот орган, кој го одбил барањето како неосновано поради немање доволно докази. Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметната пријава се запира и предметот да се затвори и да се архивира.

Оттаму, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 11 ноември 2020 година под бр. 12- 1915/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК